## ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Заштитата на граѓаните во системот на социјалната заштита се темели на одредени принципи кои произлегуваат од меѓународни и домашни акти. Заштитата треба да се планира и реализира во согласност со најдобриот интерес на корисникот и да се обезбеди достапност на услугите до граѓаните поблиску до местото на живеење.

Согласно Меѓународната Конвенција за правата на детето и Водичот за алтернативна грижа донесени од страна на Генералното Собрание на Обединетите нации, доколку биолошкото семејство не е во состојба да се грижи за детето или го напушта и се откажува од него, државата е одговорна за заштита на правата на детето и за обезбедување соодветна институционална или вонинституционална грижа. Државата е должна, преку своите надлежни институции да обезбеди надзор врз сместувањето, добросостојба и развој на секое згрижено дете и да врши редовен преглед на соодветноста на обезбедената грижа.

Згрижувањето на децата изложени на социјален ризик во друго семејство се користи како инструмент и ресурс во политиката и процесот на деинституционализација и развој на вонинституционални форми во локалната заедница кои се предмет на интензивна промоција во последните години во Република Македонија.

Имајќи ја предвид актуелноста на оваа проблематика, Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност на тема Згрижувачки семејства како форма на вониституционална заштита.

Со истражувањата во текот на ревизијата ги дефиниравме следниве цели на ревизијата:

- **Дали законската регулатива и критериумите за функционирање на згрижувачките семејства обезбедуваат соодветен квалитет на згрижување во функција на најдобриот интерес на детето?**
- **Квалитетот на поддршката и промоцијата на згрижувачките семејства**

Ревизијата на успешност е извршена согласно член 22 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2012 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

Ревизијата на успешност е планирана и извршена во периодот од 26/06/2013 30/09/2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.